# NEW EDUCATIONAL FORMS FOR THE LIBRARIENS IN THE NEW DIGITAL ERA

**Suzana Kotovchevska**
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski"– Skopje, Republic of Macedonia suzana_kot@yahoo.com

**Abstract:** The modern world is increasingly being built and functions on the basis of a large quantum of information and knowledge that is being transferred almost instantly, from any place in the world to any other place. The new revolutionary changec in the world of information and knowledge inevitably caused radical transformations of the way of functioning and existence of modern libraries as one of the most important characteristics of the civilization. The libraries and the librarians in the new century will inevitably have to transform into successful, relevant and dynamic factors in the information era. The technological changes in the field of information will inevitably represent one of the most serious challenges for the libraries and the librarians in the period that follows. The power of the civilization in the developed digital world depends on the speed of transfer and use of information. The existence of the modern civilization to a great extent transformed the former paradigm according to which knowledge is power, into a new paradigm according to which "the digital knowledge" is even a greater power.
**Keywords**: libraries, librarians, information, digital knowledge, education.

# НОВИ ФОРМИ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВО НОВАТА ДИГИТАЛНА ЕРА

**Сузана Котовчевска**
Униврезитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, Република Македонија suzana_kot@yahoo.com

**Резиме:** Во современото библиотечно работење секогаш се потенцира информацијата и информациското знаење, информатичката технологија и нивното користење ставено во функција на корисниците на библотеката. Со оглед на тоа мошне важно е библиотекарот да ги подобрува информациските услуги, да ги утврдува информациите потребни на корисниците и според нив да ја креира информациската улога. Библиотекарот исто така, мора да поседува специјализирано – стручни знаења, кои се неопходни за остварување на библиотечната дејност,како и способност за критика во однос на проценување и избирање на информацијата и проценуваање на резултатите од користњето на истата, што ќе придонесе до една анализа на проблемите што произлегуваат од раководењето со нив.
**Клучни зборови**: Библиотеки, библиотекари, информација, едукација.

## 1. ВОВЕД

Библиотеките како информациски сервиси во целост се посветени кон обврската на своите корисници да им нудат релевантни информациски извори и услуги без никакви ограничувања и без било каков облик на цензури. За да се реализираат во потполност библиотечните цели , библиотекарот како основен носител на целокупната библиотечна дејност треба да поседува опредлен квантум на знаење, способности, вредности и ставови преку кој информацискиот експерт ќе даде одговори на многу предизвици во однос на развојот на библиоотечната дејност, како и постојано да ги усовршува односите со корисниците.
Во современото библиотечно работење секогаш се потенцира информацијата и информациското знаење, информатичката технологија и нивното користење ставено во функција на корисниците на библотеката . Со оглед на таа мошне важно е библиотекарот да ги подобрува информациските услуги, да ги утврдува информациите потребни на корисниците и според нив да ја креира информациската улога. Библиотекарот исто така, мора да поседува специјализирано – стручни знаења, кои се неопходни за остварување на библиотечната дејност,како и способност за критика во однос на проценување и избирање на информацијата и проценуваање на резултатите од користњето на истата, што ќе придонесе до една анализа на проблемите што произлегуваат од раководењето со нив.
Еден информациски стручњак мора да има одлична комуникација со корисниците, постојано да се дообразува и секогаш да биде подготвен на најфлексибилен начин да ги прифаќа новите промени со

ведар дух и позитивен став кон новитетите во сферата на библиотечната дејност. Мошне е важно да се напомене дека библиотекарот како информациски стожер во "куќата на знаењето" - библиотеката има обврска да постигнува совршенство во услугите кон корисниците на библиотеките.Тие треба да бидат визионери, долгорочно да ги согледуваат работите во областа на културата, науката - информацијата.
Комуникацијата е важен фактор во личниот и професионалниот живоот на луѓето, воопшто. Заради исполнување на сите критериуми за успешно реализирање на дејноста - библиотекарство, информацискиот стручњак мора да негува квалитетни односи со корисниците во библиотеките. Во таа комуникација библиотекарот треба да ги користи сите вештини и техники за да го покаже пријателскиот однос кон корисникот во гарантирањето на тајност и почитување на неговиот приватен живот во однос на примање или давање на информации како и во однос на документите кои ги користи или ги дава на користење.
Брзиот напредок на информатичката технологија и осовременувањето на библиотеките во таа смила, ја наметнува обврската на корисниците уште од најмала возраст да се едуцираат во своите училишни /матични библиотеки, односно да се стекнат со основната информациска писменост во однос на користење на изворите на информации во библиотеките кои го следат образовно –воспитниот процес.
За да тече непречено процесот на давање на библиотечни услуги, во остварената комуникација, постојано се присутни и меѓусебните влијанија и надополнувања помеѓу потребите на корисникот, од една страна и услугите на библиотекарот, од друга страна.

## 2. БИБЛИОТЕЧНИОТ КАДАР ВО ФУНКЦИЈА НА СВОИТЕ КОРИСНИЦИ

Библиотечната дејност односно библиотекарството како посебна научна дисциплина се јавува во втората половина на 18 век, а се развива во 19 век со појава на првиот „Прирачник за библиотекарството" издаден во 1808 година од германецот Мартин Шретингер.
Библиотекарството е интердисциплинарна наука која се занимава со проучување на книгата (односно библиотечниот фонд) и нејзините корисници.
Основната цел на библиотекарството е да обезбеди што повеќе извори на информации, да ги обработи и да ги стави во функција односно да ги даде на користење на корисниците на библиотеката.
Денес кога потребата за инфомации е многу поголема, од било кој период на историскиот развој, улогата на библиотеките е мошне значајна особено во однос на :

- ✓ задоволување на информативните потреби на корисниците, односно пронаоѓање и прибирање на научните информации,
- ✓ нивната обработка,
- ✓ средување и ставање во функција за задоволување на информациските потреби на корисниците и општеството-воопшто.

Денес достапни се голем број на информации многу повеќе отколку во било кој период на историскиот развој. Исто така, денес луѓето имаат на располагање безброј начини за пристап до разни информации и тоа без обврска да излезат од дома.[229]
Меѓутоа, улогата на библиотеката односно библиотекарот е да направи селекција на тие информации бидејќи истите не се секогаш проверени и точни. Библиотеките како главен извор на информации независно дали станува збор за информации во електронска или печатена форма, се од голема важност за учениците, студентите и научните работници кои имаат важна улога во целокупниот општествен развој.
Библиотечните фондови (периодична публикација, монографски, електронски изданија) како главен извор на информации ставени се во функција на учениците, студените и научните работници кои ги користат за научни истражувања за одредена проблематика. Библиотеките преку своите библиотечни фондови ги остваруваат своите возвишени и високоцивилизациски функции и цели, тие првенствено се насочени кон креирање на образовни, креативни и успешни личности кои ќе се образуваат во текот на целиот живот. Преку нивното функционирање треба да се формираат личности богати со знаење и имагинација, личности со висок морал и способни за дејствување како совесни и одговорни граѓани во современите општества на XXI век. Овие центри на знаење и култура треба да се трансформираат во значајни места во кои учениците (но и целокупниот наставен персонал) ќе добиваат одговори на многу прашања, места во кои ќе се поттикнува нивната творечка работа, нивното поучување, желбата за учење и знаење.
За целосно и успешно остварување на функциите на библиотеките, покрај информациите со кој располага библиотеката кој е прв и пресуден фактор на овој план, неопходно е да се профилира солиден

[229] D.J.de S. Price Little Science- Big Science. (1963) New York I studijata na Giljarevski, M. (1984) Увод у документацију и комуникацију. Загреб.

и квалификуван библиотечен кадар со високи етички стандарди, кадар кој непрекинато ќе се едуцира и ќе биде подготвен за тимско работење и квалитетно управување со библиотеките, како и кадар кој ќе биде способен да одговори на новите предизвици и потреби на своите корисници. Работата на библиотекарот е многу специфична и бара постојано усовршување. Тој мора да ги надградува своите знаења за да може полесно да се справува со новите ситуации.
Тоа може да го постигне со:

- редовно образование или базично професионално образование,
- со практична работа или работно воведување и
- дополнително образование или професионално усовршување.

Образованието на библиотекарите го подигнува авторитетот на оваа професија и квалитативно ја менува кадровската политика. Значи постојаното стручно усовршување на библиотекарот, во денешно време не е оставено како можност, туку станува егзестенционална потреба за опстанокот на професијата и нејзина еволутивна трансформација во новото опкружување.
Библиотечните кадри како главни двигатели за развојот на библиотекарството, информатиката и документацијата се постојано предмет на посебно внимание во сите развиени земји во светот. Денес, се поставува прашањето како да се создаде библиотечен кадар што ќе биде способен да се прилагодува и позитивно да одговора на брзиот развој на науката, техниката и општеството во целина.
Библиотекарите, информаторите во повеќето земји во светот своето стручно библиографско образование го стекнуваат во соодветни високошколски образовни институции. Општата оценка е дека само солидно образовани библиотекари можат врз себе да ги понесат сложените обврски за промени во структурата и да го направат историскиот скок во новиот милениум.
Од тоа произегува дека улогата на кадарот е од пресудно значење во успешното реализирање на работните обврски.
Без отстапки е прашањето дали библиотекарите треба да ги следат новостите и промените, бидејќи тие се носители на овие промени. Така облици на континуирано обра-зование може да бидат: обуките, курсевите, работилниците, семинарите, конференциите, учењето на работното место, предавањата, презентациите, и др. мораат да бидат дел од усовршувањето во оваа струка и стекнување на нови вештини, знаења и нивна примена .
Гледајќи ги регионалните искуства во библиотекарството, темите кои се најинтересни и најзастапени секогаш се базираат во едукативната насока кај библиотекарите. Главно се поврзани со начинот како најлесно да се дојде до достапност на слободни е-извори и методот на нивно пребарување.
Во таа насока Институтот за библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје направи истражување со цел да се утврди влијанието на континуираното усовршување и оспособување на библиотечниот кадар во функција на постигнување подобри резултати во сферата на библиотечната дејност во училишните библиотеки.
За илустрација, во ова истражување без исклучок беа вклучени сите единаесет општини во рамките на град Скопје (К. Вода, Центар, Бутел, Оризари, Петровец, Илинден, Чаир, Карпош, Ѓорче Петров, Гази Баба и Аеродром и општина Сарај), со вкупен број на 89 училишта. Од вкупниот број на анализирани училишта (89), најголем бро,ј поточно 68 или 76,4 % се во категоријата на основни училишта, додека во ранг на средни школи потпаѓаат вкупно 21 или 23, 6 %.
Во спектарот на Б2 – Хипотеза „ *Стручното усовршување (обуки за библиотекари) на библиотекарскиот кадар влијае врз постоењето на класификација според УДК во библиотечните процеси на работа“,* ги добивме следните резултати.

## 3. ХИ-КВАДРАТ ТЕСТ ЗА СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕЧНИОТ КАДАР И ПОСТОЕЊЕТО НА КЛАСИФИКАЦИЈА ПО УДК ВО БИБЛИОТЕЧНИТЕ ПРОЦЕСИ

Хипотезата Б2 не е потврдена. Иако бројот на испитаници коишто се изјасниле дека не посетувале обука и дека не постои класификација по УДК е двојно поголем од бројот на испитаници коишто се изјасниле дека не посетувале обука, а дека постои класификација по УДК, Хи-квадрат тестот на независност (со корекција на непрекинатост според Јејтс) не покажа значајна врска меѓу тоа дали библиотекарот се изјаснил дека посетувал обука и постоењето на класификација по УДК во библиотечните процеси во училишната библиотека, $\chi^2(1, n=82) = 2{,}20$, $p=0{,}14$, $fi=0{,}19$.

Case Processing Summary

| | Cases | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Valid | | Missing | | Total | |
| | N | Percent | N | Percent | N | Percent |
| 0 NE ne posetuval obuka za rabota vo biblioteka, 1 DA posetuval obuka * 0 nema UDK klasifikacija, 1 ima UDK klasifikacija | 81 | 91.0% | 8 | 9.0% | 89 | 100.0% |

Chi-Square Tests

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) | Exact Sig. (2-sided) | Exact Sig. (1-sided) |
|---|---|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 2.913(b) | 1 | .088 | | |
| Continuity Correction(a) | 2.195 | 1 | .138 | | |
| Likelihood Ratio | 2.934 | 1 | .087 | | |
| Fisher's Exact Test | | | | .116 | .069 |
| Linear-by-Linear Association | 2.877 | 1 | .090 | | |
| N of Valid Cases | 81 | | | | |

a Computed only for a 2x2 table
b 0 cells (.0%) have expected count less than 5. The minimum expected count is 16.79.

Symmetric Measures

| | | Value | Approx. Sig. |
|---|---|---|---|
| Nominal by Nominal | Phi | .190 | .088 |
| | Cramer's V | .190 | .088 |
| N of Valid Cases | | 81 | |

a Not assuming the null hypothesis.
b Using the asymptotic standard error assuming the null hypothesis.

**0 NE ne posetuval obuka za rabota vo biblioteka, 1 DA posetuval obuka * 0 nema UDK klasifikacija, 1 ima UDK klasifikacija Crosstabulation**

| | | | 0 nema UDK klasifikacija, 1 ima UDK klasifikacija | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ne | da | Total |
| 0 NE ne posetuval obuka za rabota vo biblioteka, 1 DA posetuval obuka | 0 | Count | 27 | 13 | 40 |
| | | % within 0 NE ne posetuval obuka za rabota vo biblioteka, 1 DA posetuval obuka | 67.5% | 32.5% | 100.0% |
| | | % within 0 nema UDK klasifikacija, 1 ima UDK klasifikacija | 57.4% | 38.2% | 49.4% |
| | | % of Total | 33.3% | 16.0% | 49.4% |
| | 1 | Count | 20 | 21 | 41 |
| | | % within 0 NE ne posetuval obuka za rabota vo biblioteka, 1 DA posetuval obuka | 48.8% | 51.2% | 100.0% |
| | | % within 0 nema UDK klasifikacija, 1 ima UDK klasifikacija | 42.6% | 61.8% | 50.6% |
| | | % of Total | 24.7% | 25.9% | 50.6% |
| Total | | Count | 47 | 34 | 81 |
| | | % within 0 NE ne posetuval obuka za rabota vo biblioteka, 1 DA posetuval obuka | 58.0% | 42.0% | 100.0% |
| | | % within 0 nema UDK klasifikacija, 1 ima UDK klasifikacija | 100.0% | 100.0% | 100.0% |
| | | % of Total | 58.0% | 42.0% | 100.0% |

Со анализа на добиените и презентирани резултати од истражувањето недвосмислено можеме да констатираме дека постои значаен степен на корелација помеѓу извршените соодветни обуки на библиотекарите и степенот на нивното ангажирање односно можноста за нивното активно вклучување во процесот на класификација на книжниот фонд по УДК во анализираните библиотеки во кои тие се вработени.

Всушност, добиените резултати ја потврдуваат поставената хипотеза според која постоењето на класификација на книжниот фонд според УДК во голема мера зависи од базичните и континуираните обуки на библиотекарите. Резултатите потврдуваат дека од анализираните 40 училишни библиотеки во кои библиотекарите не посетувале курсеви за обука бројот на училишни библиотеки во кои постои класификација на книжниот фод според УДК изнесува 13 библиотеки односно 32% од анализираните училишта, додека бројот на училишта во кои не постои класификација на книжниот фонд според УДК е релативно голем и изнесува 27 училишта односно 67, 5% од бројот на анализираните училишни библиотеки.

Спротивно на овие резултатити резултатите добиени во училишните библиотеки во кои библиотекарите посетувале професионални обуки од областа на библиотекарството ја потврдуваат претходно потенцираната хипотеза според која постоењето на класификација на книжниот фонд според УДК во училишните библиотеки во голема мера зависи од обуките , знаењето и вештините на библиотекарите стекнати во процесот на образование и нивна дополнителна стручна едукација и усовршување. Во тој контекст, очекувани се резултати според кои од вкупно 41 анализирани училишпни библиотеки во 21 библиотека или 51,2% имаат класификација на книжниот фонд според УДК, што претставува значајна статистичка разлика во однос на оние училишни библиотеки во кои не се посветува соодветно внимание и грижа за правилна селекција и дополнителна едукација на библиотечниот кадар. Исто така , логично и очекувано во овој контекст е дека и бројот на училишни библиотеки во кои не постои класификација на

библиотечниот фонд според УДК ќе биде значително помал (48,8%) во однос на претходно анализираниот случај. Од овие резултати несомнено можеме да заклучиме дека во оваа значајна сфера ќе претстои сложена и долготрајна активност за ефикасна и котинуирана едукација на целокупниот библиотечен кадар првенствено во училишните библиотеки во Р. Македонија

Независно од видот на библиотеката и без оглед на нејзините јасно дефинирани приоритетни цели, сепак сите тие имаат една најзначајна и заедничка цел, а тоа е задоволување на потребите на своите корисници, односно сите библиотеки се стремат кон тоа целосно да им се стават на располагање на своите корисници. Библиотеките како информациски сервиси во целост се посветени кон обврската на своите корисници да им нудат релевантни информациски извори и услуги без никакви ограничувања и без било каков облик на цензури. Тие на сите корисници им овозможуваат рамноправен пристап до своите материјали, извори на информации од секаков вид со кои располага самата библиотека.

Според декларацијата на ИФЛА (Меѓународна федерација на библиотекарски асоцијации и институции), библиотеките и информациските сервиси на секој корисник мора да му гарантираат тајност и почитување на приватниот живот, било да се работи за информациите што корисникот ги бара или добива, за документите кои ги користи, изнајмува или ги предава.

Филозофијата на библиотеката и самата професија како библиотекар секогаш била почитување на основното начело за нагласување на услугите кон корисникот. Важен елемент во градењето на односите помеѓу библиотекарот и корисникот, секогаш е процесот на комуникација. Тоа подразбира воспоставување на персонална врска помеѓу библиотекарот и корисникот. Библиотекарот е тој кој треба да ги применува сите вештини и техники за да воспостави коректни и пријателски односи со корисникот, впрочем тоа корисникот го очекува од информацискиот службеник.

Успешно воспоставената комуникација помеѓу библиотекарот и корисникот секогаш резултира со:

- постигнување на успешни резултати на матичната институција (зголемување на членството, зголемување на број на издадени книги, електронски извори итн.) и
- корисникот од библиотеката секогаш излегува задоволен со желба за повторно враќање, бидејќи добил услуги на највисоко ниво.

Давањето на услуги е вистинска умешност.

1. Како најпрво - важно е информацискиот службеник да го добие вниманието од корисникот, а за тоа суштински се првите неколку секунди во комуникацијата, бидејќи тоа е време кога корисникот највнимателно слуша и ја носи одлуката за начинот на понатамошната комуникација.
2. Откако библиотекарот го добил вниманието на корисникот следно е да покаже интерес кон неговите потреби, барања и проблеми, на начин со воведување во дискусија на корисникот како активен соговорник.
3. И како последна фаза во давањето на услуги е да им се наметне, односно да им создаде желба на корисниците да го направат она што информацискиот службеник го посакува, на пр. книгата која ја бара корисникот во моментот е издадена, но тој прифаќа да земе друг наслов кој му го понудил библиотекарот. Корисникот излегува од библиотеката како задоволен корисник, со убедување дека тоа што му е понудено од страна на библиотекарот ќе реши дел од неговите потреби или проблеми.

Во взаемната комуникација секако треба да биде вграден и едукативниот елемент на корисниците. Современиот развој на науката, културата а посебно на технологијата, неминовно ја наметна потребата од едукација на библиотечните корисници.

Развојот на современите библиотеки беше условен со мошне брзиот развој на современата наука, што подразбира зголемување на истражувачката дејност која зголемува, т.е. условува зголемување на информациите и библиотечната граѓа во самите библиотеки.[230]

Осовременувањето на библиотечните процеси го олеснува процесот на пребарување, пронаоѓање на информациите од базата на податоци, но за сето тоа потребно е корисникот да е доволно едуциран во поглед на прашањето каде и како да ја пронајде бараната информација.

Едуцирањето на библиотечните корисници треба да започне во најраната возраст. Детето уште во основното училиште, односно во својата училишна библиотека треба да ја стекне основната библиотечна и информациска писменост и вештина во "комуникација" со основните технички помагала. Библиотеките, особено училишните библиотеки се тие кои треба да им ја дадат основната информациска писменост на своите корисници, со што ќе им овозможат непречено користење на изворите на информации во матичната библиотека. На овој тренд на библиотечниот развој најдобро одговара изреката на Симмел "Образован е оној кој знае да го најде она што не го знае".

---

[230] Котовчевска, Сузана (2007). Македонското библиотекарство низ вековите. Скопје, стр.96 – 110.

Во взаемната комуникација постојано се присутни меѓусебните влијанија и надополнувања помеѓу потребите на корисникот (од една страна), и услугите на библиотеките (од друга страна). Колку што библиотеката е мотивирана да ги збогатува по вид и да ги подобрува по квалитет услугите што ги нуди, или колку што мотивацијата на корисниците е поголема да имаат нови и посовремени услуги, толку е поголем мотивот кај библиотеките да ги осовременуваат своите услуги, сè со цел за задоволување на потребите кај своите корисници.
Мотивацијата кај корисниците за доаѓање во библиотека е различна:

- позајмување на книга, користење на читална, пребарување на информации низ електронската база на податоци, пребарување на информации низ традиционалните информативни инструменти (библиотечни каталози), користење на библиотечни фондови за подготовка на дипломска работа, магистерски труд, истражувачки проект, подготовка за настава итн.

Од сето ова можеме да констатираме дека за широкиот спектар на мотивации на корисниците за доаѓање во библиотека, потребно е континуирано надградување и доусовршување на библиотечниот кадар, се со цел да ги прифати и да одговори на предизвиците и новите потреби на корисниците на библиотечни услуги.
За да можат да ги остваpат своите приоритетни цели, односно за да можат во целост да ги задоволат потребите на своите корисници, библиотеките ќе мора постојано да вршат анализирање и утврдување на структурата на корисниците на библиотечни услуги. Користењето на различни библиотечни услуги, доведува дури и до разликување на неколку категории на корисници, кои можеме да ги групираме:

- по областа која ги интересира (хуманистички, природни, технички науки, медицина итн.)
- по занимање (студенти, наставници, лекари итн.)
- по возраст (деца, средношколци, студенти, возрасни, пензионери)

Од значаен интерес за успешно функционирање на секоја библиотека е осмислувањето на постапки и активности за идентификување на постоечките и идни корисници.
„Библиотеките постојат за да им служат на своите корисници. Филозофијата за нагласување на услугите секогаш била основното начело на нашата професија. И во управувањето со изворите на информации библиотекарите мора да тежнеат кон услужувањето на корисниците.Тешкотиата е во тоа што, додека некој потреби на сегашните корисници се експлицитно изразени, потребите на потенцијалните корисници не се задолжително толку јасни – а сегашните корисници дури и не мораат да знаат за постоењето на сето она што им е потребно или достапно. Според тоа, служењето на корисниците, не е пасивна туку активна улога“.[231]
Во однос на прашањето колку ги користат библиотечните извори на информации, корисниците можеме да ги групираме во следните категории:

- вистински или редовни корисници (корисници кои максимално ги користат библиотечните услуги)
- привремени или случајни корисници (корисници кои имаат целосен пристап до библиотечните извори, но не ги користат редовно нејзините услуги)
- потенцијални, поточно идни корисници (тоа се корисници кои сеуште не ги користат библиотечните услуги, но тие во иднина би можеле да бидат корисници, односно да ги задоволат своите информациски потреби токму преку користење на услугите на библиотеката).

Библиотеките постојано треба да работат кон усовршување и прилагодување на сите свои форми на работа, кои во значителна мерка влијаат врз потребите на корисниците. Идните, односно потенцијалните корисници, библиотеката треба редовно да ги истражува, анализира и утврдува, а во исто време и влијае на развојот на факторите кои ќе придонесат за поуспешно и поцелосно користење на библиотечните услуги.
Како најголемо влијание врз населението за користење на библиотечните услуги имаат следните фактори:

- ✓степен на образование
- ✓степен на културен развој
- ✓возраста
- ✓професијата
- ✓социјално-економски статус
- ✓активност на библиотеката, и др. [232]

[231] Питер Клејтон (2009).Управување со изворите на информации во библиотеките. Скопје, стр.4-7.
[232] Петревски, Д. (1998). Библиотекарство. Универзитет „Св. Климент Охридски“. Факултет за учители и воспитувачи. Битола. Стр.181

Библиотеката прилагодувајќи ги своите форми на работа кон факторите кои во значителна мера влијаат во користењето на услугите на библиотеката од страна на локалното население, во голема мера ќе придонесе за зголемување на бројот на потенцијални односно идни, а подоцна вистински односно редовни, а во исто време и задоволни корисници.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Новиот електронски свет почнува мошне интензивно да ги трансформира библиотеките, но во исто време и сите корисници и организации на кои тие им служат во остварувањето во заедничките мисии и цели. Новиот електронски свет пред сите професии, а во тој контекст и пред библиотекарството и информациските експерти наметнува нови предизвици и потреба од нови дополнителни знаења и вештини.

Основната цел и барањата на новото време се манифестира со потребата од итно освежување и продлабочување на знаењето (знаењата), како и се поширокиот опфат на се присутните електронски извори на информации како императив на новото време и како императив за ефикасност на сите професии, а во тој контекс и на библиотекарите и информациските стручњаци.

Управувањето со изворите на информации и нивното доставување до крајните корисници во библиотеките ќе постанува уште позначајно и поважно во светот кој е се подигитален, доколку библиотекарите сакаат да го превземат водството во овој век. Но во исто време тие треба да знаат дека нивните традиционални знаења и вештини за анлиза, вреднување, синтеза и комуникација сега се (односно во иднина) ќе бидат уште поважни од било кога порано.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Chevalier, B. (2000). Le Dokumentaliste manager de son akuipe, Paris:ABF.
[2] D.J.de S. Price Little Science- Big Science. (1963) New York I studijata na Giljarevski, M. (1984) Увод у документацију и комуникацију. Загреб.
[3] Fox, E.A., Sornil,O. (1999). Digotal Libraries, Modern Ivformation Retreival, Baeza – Yates, R. and Ribeiro – Hero, B. (eds.) Addison
[4] Piter, Brofi. (2005). Biblioteke u dvadeset prvom veku. Beograd: CLIO
[5] Sjuzan I. Higins. (2009). Javne biblioteke I sluzbe za mlade. Beograd: Narodna biblioteka Srbije
[6] Zoen Miler, Zan-Luj M. (2006). Menadzment biblioteka, Beograd:CLIO:Narodna biblioteka Srbije.
[7] Бакаршиќ, К (1997). Увод у дигиталне библиотеке (текст, хипертекст и мета језик), убликовано за библиотекарство. Сарајево.
[8] Котовчевска, С. (2007). Македонското библиотекарство низ вековите. Скопје.
[9] Петревски, Д. (1998). Библиотекарство. Универзитет „Св. Климент Охридски“. Факултет за учители и воспитувачи. Битола.
[10] Питер Клејтон (2009).Управување со изворите на информации во библиотеките. Скопје.